# И родителите се важни

## Како да му помогнете на вашето дете со – Мерење должина и простор

Децата учат кога играат. Тие можат да научат за должина и простор по пат на обид и грешка кога играат со предмети како на пример, коцки, лента, глина за моделирање и играчки за составување.

Додека играат, децата почнуваат да ги забележуваат големината и обликот на предметите; како некои предмети се сложуваат, како тие можат да се редат едни врз други, должината и ширината на предметите. Децата треба да се поттикнуваат да испитуваат и ракуваат со предмети и да зборуваат за работите кои ги откриваат.

## Како децата учат да мерат должина и простор?

Во почетокот децата почнуваат да сфаќаат што е мерење преку споредба на предмети. Држејќи две коцки, тие може да кажат која е подолга или пократка од другата. Наскоро после ова, тие почнуваат да споредуваат повеќе од два предмети.

Децата треба да играат и да експериментираат со различни материјали и предмети со кои ќе можат да ги мерат предметите, пред да преминат на користење на *формални* единици, на пример, метри и сантиметри. Тие треба на пример да мерат колку е долга масата со штипалки, лажици, книги или со распонот на рацете пред да користат лењир.



# И родителите се важни

## Што можете да правите дома?

- Земете глина за моделирање и развлечете две "змии" со различна должина. Зборувајте како едната змија е "пократка", а другата "подолга".
- Од глината за моделирање развлечете две змии исти по должина. Искривете ја едната или направете да биде во 'цикцак' линија. Прашајте го детето, *Која змија е подолга?*



- Прекопирајте ја дланката или стопалото на вашето дете на парче картон и пресечете го. Користете го ова при мерењето на должината на работи, на пример, на масата или на неговиот/незиниот кревет. Пред да мерите, поттикнете го детето да претпостави колку "дланки" е долг креветот.
- Истркалајте го автомобилот играчка по косина и измерете колку должини од автомобилот тој патувал.
- Одете околу предмети и кажете колку чекори се потребни за да го направите тоа.
- Забележувајте колку расте детето на табела за висина.
- Споредувајте колку се високи членовите во семејството и зборувајте кој е "повисок" и "понизок".
- Кога садите растенија, користете стап за да го мерите растојанието меѓу расадот.
- Мерете ја површината на задниот (поплочен) двор или на горната површина на масата со весник. Избројте колку листови беа потребни за целосно да се покрие површината.
- Нацртајте кривулеста линија или направете кривулести форми од канап залепен на хартија. Набојте ја внатрешната "затворена" површина.

# И родителите се важни



- Постелете лист од весник на подот. Избројте колку книги може да се стават врз него.
- Кога завиткувате подароци, кажувајте колку е голема хартијата и дали таа е доволно широка и долга.
- Зборувајте колку голем чаршаф ви треба за да ја покриете масата или да го покриете автомобилот.
- Пред да фарбате, на кантичките со боја за фарбање погледнете колкава површина покриваат. Зборувајте колку кантички боја ви се потребни.
- Соберете парчиња обоена хартија и неколку празни конзерви или мали кутии, на пример, кутии од житни снегулки. Вашето дете може да направи живописен модел лепејќи ја хартијата на кутијата или конзервата за целосно да ја прекрие.